20090230497

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и член 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/06) и член 15 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.02.2009 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/09) во делот II во табелата во точката 1, потточка 1.2., во колоната "вид на мерка" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборовите во заградата се додаваат зборовите "и есенски житни култури (`рж и тритикале)".

Во потточка 1.4. во колоната "критериум и висина на поддршка" се додава нова алинеја која гласи:

"-по прифатлива количина семе за просечна сеидбена норма по хектар кај житните култури".

Во потточка 1.5. износот "720.000.000,00" се заменува со износот "765.000.000,00".

Во потточка 1.11. износот "350.000.000,00" се заменува со износот "140.000.000,00".

2. Во делот III во табелата во точката 2, потточка 2.3., во колоната "критериум" во критериум зборот "ноември" се заменува со зборот "септември" и по зборот "година" се додаваат зборовите "за барателите на финансиска поддршка кои немаат користено средства за продадено кравјо млеко за овој период согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година."

3. Во делот VII во табелата во точката 6, потточка 6.2. во колоната "опис" во критериум се додава нова алинеја која гласи:

"- Осигурано примарно земјоделско производство во 2009 година од основни ризици, корисници: земјоделски стопанства кои располагаат со следните максимални капацитети:

а) лозови насади до 20 ха,

б) градинарски култури (домати, пиперка, краставица и бостан) до 50 ха од секоја култура одделно

в) овошни насади (јаболки и праски) до 10 ха од секој вид одделно

г) за културите пченица, јачмен, пченка и тутун нема ограничување на максималните капацитети."

Во потточка 6.7. во колоната "опис" во критериум се додаваат две нови алинеи кои гласат:

"- 50% намалени критериуми по мерките од дел II, III и V од оваа програма".

"- за семејни земјоделски стопанства во подрачја со отежнати услови за производство се исплаќа целосен износ на поддршка по мерките од дел II, III и V од оваа програма, без редуцирање на висината на поддршката во однос на големината на пријавената површина и бројот на грла. "

Во потточка 6.8. износот "2.000.000,00" се заменува со износот "7.000.000,00".

4. Во делот VIII износот "40.000.000,00" се заменува со износот "200.000.000,00".

5. Во делот XI во став 5 по бројот "2.9." се додава бројот "2.11."

Во ставот 6 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите "освен за продадено млеко во период септември–декември 2008 година за кој рокот за поднесување на барање е до 06.03.2009 година."

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен Весник на Република Македонија” .

Бр. 19-754/1
17 февруари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.